# ВАСИЛИЕ ПОПОВИЌ - ЦИЦО

## VASILIJE POPOVIC - CICO



Насловна: Портрет на Василие Поповиќ Цицо, 1989
автор: Никола - Кочо Фидановски
масло на платно, 70x100

Министерство за култура на Република Македонија
Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

НУ Национална галерија на Македонија
NI National Gallery of Macedonia

Музеј МНТ
MNT Museum

# Столетие

# **Василие Поповиќ - Цицо**

# Centennial

# **Vasilije Popovic - Cico**

Даут-пашин амам, октомври 2014
Daut Pasha Hamam, October 2014



Портрети / Portraits 2

**СЕЌАВАЊЕ И ОМАЖ НА ЦИЦО ПОПОВИЌ**

100 години од раѓањето на Василие Поповиќ - Цицо (1914 – 1962)

Има личности во историјата кои под пепелта на годините и на децениите постепено се губат, некои и наполно исчезнуваат од сферата на интересирањето на новите генерации што пристигнуваат, а некои од нив, пак, повторно, како поттикнати од времето и од случувањата, само добиваат на значење и вредност.

Нашиот Цицо ѝ припаѓа на втората категорија, на оние на кои времето им оди во прилог. Еден век од неговото раѓање и 40 години по неговата прерана смрт, за Цицо заслужено се промовира нова (во Белград и во Скопје) широко и темелно опфатена *монографија*, благодарение на неговата ќерка, Гордана Поповиќ-Васиќ и со соработка на голем број пријатели, колеги и почитувачи на неговото дело.

Цицо е творец со елитен дух и оригиналност, квалификативи што го чинат супериорен во оваа средина. Кога сме соочени со таков квалитетен квантитет и со таков квантитетен квалитет на творечката инвенција, каков што е неговиот случај, веднаш ни се наметнува констатацијата за непредвидливите и за неизмерливите димензии на човековите можности и способности.

Во историјата на современата македонска ликовна уметност на 20 век, Василие Поповиќ - Цицо зазема едно специфично, издвоено и основоположничко место. Тоа е определено од широчината на творечките подрачја во кои се искажувал овој уметник, од неговата пионерска улога во неколку области, а особено во карикатурата и во сценографијата, како и од сериозноста на резултатите што ја има постигнато во секоја од нив. Поповиќ е роден во 1914 година во Скадар (Црна Гора), а на своја петгодишна возраст се преселува во Скопје, каде што живее сѐ до крајот на својот живот.

Интересот за карикатура кај него се јавува во времето на неговите гимназиски денови. Цицо тогаш ги прави своите први карикатури, при што најчесто модели биле неговите наставници. Ова е време кога тој со голема љубопитност ги проследува карикатурите на Пјер Крижаниќ, објавувани во дневниот весник „Политика“, кои дополнително го поттикнуваат да се занимава со овој медиум.

Своите сликарски способности по гимназијата ги усовршува кај нашиот познат ликовен уметник Никола Мартиноски, кому му помагал при изработката на неколку ѕидни слики, меѓу кои и за сликата во куќата на скопскиот трговец Михајло Шкаперда во 1933 година. Истата година тој ги објавува своите први карикатури за скопскиот весник „Вардар“, при што продолжува да објавува сѐ до затворањето на весникот во 1936 година.

Цицо објавува карикатури и за време на неговите студии во Белград - студирал во тогашното Уметничко училиште (подоцна Уметничка академија) во Белград, кај професорите Бета Вукановиќ, Ивана Радовиќ и Љуба Ивановиќ, во хумористично- сатиричниот весник „Оковани јазовац“, а неговите карикатури се репродуцирани и во тогашните весници и списанија „Скопска сцена“, „Правда“, „Позоришни лист“. Во периодот на почетокот на Втората светска војна и борбата против фашистичка Германија, од април 1941 година, Цицо е во повеќемесечно заробеништво во три концентрациони логори (Либек, Хоенфалс и Нирнберг). Поповиќ сакал да внесе малку ведрина во мрачните логорски денови, така што успеал во тој свој обид. Тоа го потврдуваат портретите на личностите што се прикажани во циклусот „Од логорот“, портрети на припадниците на поразената југословенска кралска војска. Цицо не ги потпишува овие карикатури, туку во долниот дел од десната страна ги бележел само датумот и името на логорот во кој настанала карикатурата. Нацртал 77 карикатури што се наоѓаат во три тетратки, а кои ги чува ќерката на уметникот, Гордана Поповиќ-Васиќ. Овие карикатури настанале во период од само шест месеци (од мај до ноември 1941). Одделни критичари ценат дека во нив е искажана целата суштина на неговото творештво.

Во центарот на неговото внимание секогаш бил и останал човекот, со сите свои недостатоци и доблести. Ги сакал и ги набљудувал луѓето, ги запознавал, се дружел со нив и некако несвесно ги анализирал психолошки. Во неговите карикатури не се забележува

ниту стравот, ниту слабоста, ниту суровоста, ниту апатијата. Кога во 1944 година отишол во партизани, го задржал истиот однос и кон своите соборци и колеги од Агитпропот, тој ги претставува со сличен критички и ликовен поглед. Неочекувана острина покажувал само во карикатурите на бугарската фашистичка војска. Неговите карикатури од војната ја имаат истата вредност како и еден добар есеј или најсериозен реферат - поубедливи се од купишта зборови и се сигурна замена за многу историски записи и документи.

По воените години, Цицо презема особена творечка активност, но со голема внимателност, со оглед на фактот дека бил постојано надгледуван од бугарските власти. И покрај сè, во тој период продолжува повремено да работи во театарот и напоредно изработувал карикатури поврзани со тогашната ситуација во Скопје.

Во 1944 година, Цицо е интерниран, овојпат во бугарски логор во Горна Џумаја (денешен Благоевград), но по интервенција на пријатели од Македонија и од Бугарија, тој е ослободен и набргу потоа отишол во партизани. Таму тој се ангажира во Агитпропот на Главниот штаб на НОВ, сместен во селото Горно Врановци. Во овој период изработува цртежи и портрети на личности од неговото опкружување, како и карикатури за првото издание на весникот „Нова Македонија“ и за весникот „Македонка“ на антифашистичкиот фронт на жените од Македонија.

Првите остварувања на Цицо во повоена Македонија биле втемелени врз потребите на едно специфично време. Од тој период датираат неговите карикатури во весникот „Остен“ кој почнува да излегува во 1945 година, при што тој ги третира темите од народно-ослободителната војна и за крајот на фашизмот.

Во своите карикатури, Цицо ги следел и ги обликувал општествените и политичките промени, без разлика дали станува збор за локалната скопска сцена или за некои аспекти на глобалните политички настани, пред сè, во Втората светска војна или во ослободена Македонија. И покрај забраната да се карикираат политички и државни функционери во поранешна Југославија, Цицо сепак во своите дела портретира дел од тогашните македонски политичари, кои понекогаш и ги откупувале карикатурите, покажувајќи на тој начин дека ако си предмет на Цицовата карикатура, значело дека си личност со широки и со демократски разбирања, барем во уметноста.

Писателот Матеја Матевски ќе напише во еден од текстовите во монографијата за Василие Поповиќ - Цицо (Гордана Поповиќ-Васиќ, Василие Поповиќ - Цицо (1914-1962), Белград, 2012): “Цицо ми е во трајно сеќавање како мирен, добродушен и духовит соговорник, кој со здржана, замислена насмевка, во текот на отворениот разговор за кого беше секогаш расположен, ги набљудуваше своите следни ликови – портрети, нивниот физички изглед, карактеристичниот израз на лицето и некои професионални назнаки во однесувањето или облеката, од кои се појавуваше ликот во една хуморна, иронична или сатирична проекција, белези што ги внесуваше и во своите групни карикатури”.

Василие Поповиќ - Цицо, творец со елитен дух и оригиналност - квалификативи што го чинат супериорен во оваа ликовна средина. Соочени со таков квалитет и богата творечката надареност, какви што се во неговиот случај, веднаш ни се наметнува размислата за неограничените димензии на човековите можности и способности.

Како хроничар на своето време, Цицо остави впечатлив белег-документ, особено во групните карикатури во кои ги бележи „стожерите во културата“, во музиката, театарот, филмот и литературата, како и во тогашното спротивставување на „реалистите” и на „модернистите” во литературата и во другите уметности. Портретните карикатури на голем број актери, режисери, оперски пејачи, сликари, писатели, новинари, лекари и општествено-политички личности опфаќаат голем дел од творечкиот опус на Цицо (создал околу 185 портретни карикатури). Тие карикатури ќе извршат големо влијание врз следните нови генерации македонски карикатуристи. Нивната обработка се заснова на добро согледаните актуелни модерни правци од тоа време. Тој во нив вградил современ ликовен визуелен ракопис и постигнал виртуозност во цртежот и во колористичките решенија. Образложувајќи ги универзалните вредности, набљудувачот може да ја открие неговата идеја. Треба само да научи да ги распознава буквите и знаците што

му се ставени на располагање и, со својата моќ на забележување, да се вклучи и да проникне во богатиот ликовен свет на  Цицо, да го разбере неговото сфаќање за светот и луѓето околу него и да ја разбере неговата порака.

Освен својата практика во карикатурата, Цицо е активен и во областа на театарската и филмската сценографија и на графичкиот дизајн. Сценографиите што тој ги изработува се поврзани исклучиво со драмските претстави на МНТ. „Тартиф“, „Сомнително лице“, „Женидба“, „Швејк во Втората светска војна“ се само дел од бројните претстави на кои тој работи. Значаен е и неговиот творечки резултат во изработката на сценографијата за филмот „Мис Стон“ од 1958 година во режија на Жика Митровиќ. Во своите решенија и реализации внесува современ израз што кореспондира со актуелните истражувања во светот.

Цицо ги сакаше Македонија и македонскиот пејзаж, особено се одушевувал од убавината на Охрид, средновековните цркви  и од Охридското Езеро, кое во многу писма и белешки го споменува и го опишува, особено ги нагласува светлината и боите на езерото. Овие мотиви ќе се сретнат на голем број изработени акварели и цртежи. Сликарот Поповиќ ќе почне да се занимава со сликарство околу 30-тите години, и тоа со голема техничка и дескриптивна умешност. Неговите акварели се изработени, лирски, спонтано и со сигурни потези на четката и бојата. Со лесно, нежно и проѕирно нанесената боја (без детали) постигнал силно, интимно–импресионистички доживувања со длабок сензибилитет и лиризам во изразот. Често неговите акварели се со мотив од старградска македонска архитектура, кои потсетуваат на сценографските решенија. Изработил и голем број портрети на млади ликови со нежни потези, флуидни и разлеани бои, со кохерентна и ненагласена форма, без нагласување на карактерот и на основните црти. Исто така, авторот остави и голем број урбани пејзажи со силни импресии од Скопје, Охрид, Дубровник и особено од градот на уметноста, Париз.

Освен акварелното творештво, Цицо се занимавал и со цртежот, температа и сепијата како нему блиски сликарски техники. Сепак, во акварелната техника Цицо постигнува највисоки резултати, тие се спонтано и мајсторски изведени, особено низ пиктуралната форма и лазурните тонови.

Во областа на графичкиот дизајн, Поповиќ изработил голем број илустрации за книги на различни теми - од популарни романи и учебници до ангажирана литература. Меѓу другото, автор е на корицата на **првиот буквар** на македонски јазик, првиот **грб** на град Скопје, како и на **грбот** на НР Македонија, кој и денес е официјален државен симбол, само без петокраката ѕвезда.

Василие Поповиќ - Цицо ќе остане споменуван како втемелувач во историјата на македонската карикатура и сценографија. Неговите дела ќе останат како значаен документ за бурните времиња и за промените во минатиот век.

Образложувајќи ги универзалните вредности на творештвото на Василие Поповиќ - Цицо, особено во неговите карикатури, кои претставуваат голема, отворена книга, секој внимателен читател може да ја открие неговата порака.

Делата зрачат со отвореност на неговиот дух, а едноставните и често неочекувани решенија нè упатуваат на уметник без комплекси што верува во себе и во исправноста на неговите мисловни и уметнички постапки.

Игнорирајќи го времето во кое живеел и припаѓал, Цицо секогаш бил надвор од рамките и клишеата што ги наметнуваше тогашната уметничка практика, така што авторот во некои свои творби дискретно и доволно сугестивно се вклопуваше во модернизмот на 20 век.

Мирјана Талеска


ДЕНЕС
НОВО
СЕНЗАЦИЈА
НЕВИДЕНО!!?
НЕЧУВЕНО!?
ARTS
Cico Popović /SK 1955

**REMEMBRANCE AND HOMAGE TO CICO POPOVIC**

100 years from the birth of Vasilije Popovic Cico (1914 – 1962)

There are persons in history, who under the ashes of years and decades, gradually fade away; some of them completely disappear from the sphere of interest of the new generations, and some of them, again, driven by time and events, just get importance and value.

Our Cico belongs to the second category, to those who benefit from the passing of time. One century since his birth and 40 years since his early death, for Cico a new (in Belgrade and Skopje) extensive and thorough *monograph* was deservedly promoted, thanks to his daughter, Gordana Popovic Vasic and with cooperation of many friends, colleagues and admirers of his work.

Cico is a creator with an elite spirit and originality, qualifications that make him superior in this environment. When faced with such quality and quantity of creative invention, as is his case, we are immediately led to a conclusion of the unpredictable and unquantifiable dimensions of human abilities and capabilities.

In the history of modern Macedonian art of the 20th century, Vasilije Popovic - Cico occupies a specific, separate and groundbreaking position. It is determined by the breadth of creative areas in which the artist has expressed himself, from his pioneering role in several areas, especially in caricature and scenic design, as well as the seriousness of the results achieved in each of them. Popovic was born in 1914 in Skadar (Montenegro), and at the age of five moved to Skopje where he lived until the end of his life.

His interest in caricature first appeared during his high-school days. Cico then made his first caricatures where most frequently he depicted his teachers. It was a time when he followed with great curiosity the caricatures of Pjer Krizanic, published in the daily newspaper “Politika”, encouraging him even more to be part of this medium.

After graduation, he perfected his painterly skills with our famous artist Nikola Martinoski, helping him in the preparation of a couple of wall paintings, among which the picture of the house of Mihajlo Shkaperda, a merchant from Skopje, in 1933. The same year he published his first caricatures for the newspaper in Skopje – “Vardar”, where he continued publishing until the closure of the newspaper in 1936.

Cico continued publishing caricatures during his studies in Belgrade – he studied at the then Art School (later Art Academy) in Belgrade, with the professors Beta Vukanovic, Ivana Radovic and Ljuba Ivanovic, in the humorous satirical newspaper “Okovani jazovac”, while his caricatures have been reproduced in the then newspapers and magazines “Skopska Scena”, “Pravda”, “Pozorishni List”. During the period of the Second World War and the fight against fascist Germany, from April 1941, Cico for several months was incarcerated in three concentration camps (Lübeck, Hohenfels, and Nuremberg). Popovic wanted to bring a little serenity in those dark days in the concentration camps, and eventually he succeeded in this attempt. Confirming that are the portraits of the characters portrayed in the cycle “From the camp”, portraits of members of the defeated Yugoslav royal army. Cico did not sign these caricatures; in the lower right side he wrote only the date and the name of the camp in which the caricature was made. He drew 77 caricatures which are in three notebooks, kept by the daughter of the artist, Gordana Popovic Vasic. These caricatures were made during a period of only six months (from May until November 1941). Certain critics consider that the whole essence of his work is expressed in them.

The man, with all his flaws and virtues, remained in the centre of his attention. He loved and observed the people he met, he socialized with them and unwittingly he analyzed them psychologically. In his caricatures there is no fear, weakness, cruelty, nor apathy to be noticed. When in 1944 he went with the partisans, he kept the same attitude towards his comrades and colleagues from the Agitprop, representing them with a similar critical and artistic outlook. He expressed an unexpected severity only in the caricatures of the Bulgarian fascist army. His caricatures from the war have the same value as a good essay or a serious paper – they are more convincing than piles of words and are a reliable replacement for many historical records and documents.

After the war years, Cico was engaged in great creative activity, but with greater caution, given the fact that he was constantly supervised by the Bulgarian authorities. Nevertheless, in this period he continued to occasionally work in the theater, he has also created caricatures connected with the situation in Skopje at that time.

In 1944 Cico was interned, this time in the Bulgarian camp in Gorna Dzhumaya (now Blagoevgrad), but after the intervention of friends from Macedonia and Bulgaria, he was released and soon after he went with the partisans. There he engaged in the Agitprop of the Headquarters of the People's Liberation Army, located in the village Gorno Vranovtsi. In this period he produced drawings and portraits of the people around him, as well as caricatures for the first edition of the newspaper "Nova Makedonija" and the newspaper "Makedonka" of the anti-fascist front of women from Macedonia.

The first achievements of Cico in the postwar Macedonia were based on the needs of a specific time. Dating from this period are his caricatures in the newspaper "Osten" first published in 1945, where he addresses the themes of the liberation war and the end of fascism.

In his caricatures, Cico followed and represented the social and political changes, regardless of whether it was the local scene in Skopje or some aspects of the global political events, especially in the Second World War or in free Macedonia. Despite the ban to portray political and state officials in former Yugoslavia in caricatures, Cico has portrayed part of the Macedonian politicians who sometimes bought their caricatures, thus showing that if someone was subject of Cico's caricatures it meant that one was a person with broad and democratic understandings, at least in art.

The writer Mateja Matevski in one of the texts in the monograph for Vasilije Popovic Cico (Gordana Popovic Vasic, Vasilije Popovic Cico (1914-1962), Belgrade, 2012) wrote: "I remember Cico as a calm, kind-hearted and witty interlocutor, who with a reserved, pensive smile, during an open conversation for which he was always in the mood, he observed his subsequent characters – portraits, their physical appearance, their distinctive facial expression and some professional marks in the behavior or the clothing, from which the character appeared in a humorous, ironic or satirical projection, marks that he also inserted in the group caricatures".

Vasilije Popovic Cico, creator with an elite spirit and originality - qualifications that make him superior in this art environment. Faced with such quality and rich creative talent, as in his case, the thought of the limitless possibilities of human dimensions and capabilities is immediately imposed to us.

As a chronicler of his time, Cico left a distinctive mark - document, especially in the group caricatures where he presented the "pillars of culture", in music, theater, film and literature, as well as the then opposition to the "realists" and "modernists" in literature and other arts. The portrait caricatures of a large number of actors, directors, opera singers, painters, writers, journalists, doctors and social-political figures, comprise a large part of Cico's creative work (he created about 185 portrait caricatures). These caricatures would have a major impact on the next generations of Macedonian caricaturists. Their treatment is based on the well-observed current modern directions of that time. In them, he incorporated a modern artistic visual manuscript and achieved virtuosity in the drawing and the color solutions. Elaborating on the universal values, the observer can discover his idea. He just needs to learn to recognize the letters and the signs that are available and, with his power of observation, to engage and penetrate into the rich artistic world of Cico, to understand his conception of the world and the people around him and understand his message.

Besides his practice in caricatures, Cico was active in the field of theater and film scenic design and graphic design. The scenic designs he prepared were exclusively for the Macedonian National Theatre. "Tartuffe", "A Suspect Individual", "Marriage", "Shvejk in the Second World War" are just some of the numerous plays he worked on. Also important is his creative result with the preparation of the scenic design for the movie "Miss Stone" in 1958, directed by Zika Mitrovic. In his solutions and realizations he brought contemporary expression that corresponded to the current research in the world.

Cico loved Macedonia and the Macedonian scenery, especially admiring the beauty of Ohrid, the medieval churches and the Lake of Ohrid, which he mentioned and described in many letters and notes, principally emphasizing the light and the colors of the lake. These motifs would be met in a number of watercolors and drawings. The painter Popovic would start engaging during the 30s with great technical and descriptive skills. His watercolors are constructed, lyrical, spontaneous and with sure strokes of the brush and the paint. Through light, smooth and transparent coating (without details) he achieved strong, intimate - impressionist experience with deep sensibility and lyricism in the expression. Often, his watercolors are with a motif of old Macedonian city architecture reminiscent of scenic design solutions. He made a number of portraits of young characters with gentle strokes, fluid and poured colors, with a coherent and unaccented form, without emphasis on the character and the basic traits. The author has also left numerous urban landscapes with strong impressions of Skopje, Ohrid, Dubrovnik, and especially the city of art, Paris.

Besides watercolor, Cico also worked on drawings, with tempera and sepia as painting techniques close to him. However, in the watercolor technique Cico has achieved the highest results; they are spontaneously and masterfully executed, especially through pictorial form and azure tones.

In the field of graphic design Popovic has produced a large number of illustrations for books on different topics - from popular novels and textbooks to engaged literature. Among other things, he is the author of the cover of the **first Macedonian alphabet** book, the first **emblem** of the city of Skopje, as well as the **national emblem** of the People's Republic of Macedonia, which today is still the official state symbol, only without the star.

Vasilije Popovic – Cico will remain mentioned as a founder in the history of Macedonian caricature and scenic design. His works will remain as a significant document for the turbulent times and the changes in the last century.

Elaborating on the universal values of the work of Popovic Vasilije Cico, especially in his caricatures, which represent a large, open book where any careful reader can discover his message.

The works shine with his spirit of openness, and the simple and often unexpected solutions direct us to an artist without complexes, who believed in himself and in the correctness of his cognitive and artistic practices.

Ignoring the time in which he lived and belonged, Cico has always been outside the frames and the clichés imposed by the artistic practice, so the author in some of his works discreetly and sufficiently suggestively fit in 20th century modernism.

Mirjana Taleska



12



9



26



65

**ВО ЧЕСТ НА ВАСИЛИЕ ПОПОВИЌ - ЦИЦО**
**(1914-1962)**

Во македонската општокултурна меморија, во она што популарно се нарекува култур(ал)но паметење од најширок спектар, легендарниот **Василие Поповиќ** засекогаш ќе остане запишан/затефтерен под своето амблематско, речиси „кодно" име ***Цицо***. Име што одамна станало вистинскиот *trade mark,* заштитен знак на епохата.

***Цицо:*** популарниот љубознаец и обожуваниот арт-хроничар на своето време, ингениозен театарџија и карикатурист, супериорен графичар и цртач со диреровски сигурна рака, добриот дух на Скопје од педесеттите години од минатиот век, станал и останал урбана легенда токму заради својата интуитивна („штуречка") склоност да прави ***засечки.*** На своето доба и своите современици да гледа од некој агол, кој е видно поинаков од официјалниот (демек, „државниот" и „дозволениот"), да го задева времето што го споделува со своите современици, да ги задева и тие современици, да се подбива со навидум сериозни нешта и со навидум сериозни луѓе, експонирани во сите области од јавниот живот. Задевањето - треба ли тоа воопшто да се нагласи? - беше децентно, суптилно, духовито без исклучок, речиси ингениозно: без никого да повреди, туку сите да ги разгали. Барем за миг.

Кога денес ги гледаме неговите цртежи, скици, сценографски и костимографски и карикатури - особено карикатурите, стотици и стотици карикатури, кои за ригидните педесетти години зборуваат повеќе отколку сите историски и документарни извори, собрани на куп... - не можеме да не му се восхитуваме на човекот чиј што дионисиски слободен дух бил поголем и посилен од сите правила и гранци. Живеејќи ги ригидните години на поствоениот југословенски и македонски комунизам или социјализам, овој необичен човек и надстандардно надарен и продуктивен творец како да сакал, ама и умеел, токму ним да им биде ***засечка.*** Како да уживал во самостекнатиот флуиден статус на ***камчето во чевелот на епохата***, што, благодарение на својот слободарски дух и „откачен" поглед на свет, лично си го издејствувал и тврдоглаво го бранел. Катадневно.

*

Во текот на својата кратка, одвај 18-годишна сценографска и костимографска кариера започната 1940 а заклучена со неговата прерана смрт (на 49 години), ***Цицо*** исцртал, изградил и разурнал точно 85 сценографии за сите видови претстави: 52 драмски, 16/17 оперски, 16 балетски. Освен во својот матичен Македонски народен театар, каде што сработил вкупно 64 претстави, соработувал речиси со сите театри во Македонија: Штип, Велес, Битола, Прилеп, Кочани, Турски театар, Албански театар, Драмски театар... Проценуван само од статистичката гледна точка, неговиот импозантен сценографски опус бил реализиран со запрепастувачко темпо од ***пет претстави годишно***! За времето во кое сè морало да се црта рачно, кога работилниците биле технички инфериорни, материјалите скудни и тешко достапни, а надзорот врз реализацијата перманентен, ваквиот резултат изгледа сосема нереален.

*

Денес, македонската културна историја ***Цицо*** заслужено го третира како речиси универзален ликовен уметник, некој вид ренесансна сликарско-цртачка појава. Кога ќе се разгледа и резимира неговата вкупна творечка актива - графичка, цртачка, сликарска, сценографска, костимографска... - непобитно ќе се утврди дека зад неа стои творец кој, со еднаква страст и леснотија, работел во најразлични ликовни техники и жанрови, успевајќи во сите да биде еднакво супериорен. Освен што работел многу (всушност: запрепастувачки многу!), тој ја имал и онаа ретка дарба што ја имаат само избраните: буквално да позлатува сè што ќе допре.

Јелена Лужина



20



49



33

**IN HONOR OF VASILIJE POPOVIC - CICO**
**(1914-1962)**

In Macedonian general cultural memory, in what is popularly called cultural remembrance in the broadest spectrum, the legendary **Vasilije Popovic** will remain eternally inscribed with his emblematic, almost “code” name ***Cico***. A name that has become a *trademark* long time ago, a trademark of an era.

***Cico:*** the popular and adored art-chronicler of his time, ingenious theatre worker and caricaturist, superior graphic artist and animator with a steady hand, the good ghost of Skopje from the fifties of the last century, became and remained an urban legend exactly because of his intuitive inclination to make ***clefts.*** To view his age and contemporaries from a different angle, one clearly different from the official (the alleged “national” and “permitted”), to tease the time spent with his contemporaries, to pull their leg, to mock seemingly serious things and seemingly serious people, exposed in all areas of the public life. The teasing - should it ever be emphasized? - was decent, subtle, witty without exception, almost ingenious: without hurting anyone, to the delight of everyone. At least for a moment.

Today, when we look at his drawings, sketches, stage and costume designs and caricatures – especially caricatures, hundreds and hundreds of caricatures, which for the rigid fifties speak more than all the historical and documentary sources, gathered in a pile… - we can only admire the man whose Dionysian free spirit was bigger and stronger than all the rules and boundaries. Living in the rigid years of postwar Yugoslav and Macedonian communism or socialism, as if this unusual man and overly gifted and productive creator wanted, knowing how, to be their ***cleft.*** As if he enjoyed the acquired fluid status of a ***pebble in the shoe of the era***, which, thanks to his free spirit and “silly” view of the world, he personally gained and stubbornly defended. Each day.

*

During his short career of barely 18 years, in the field of stage and costume design, initiated in 1940 and concluded with his premature death (at the age of 49), ***Cico*** drew, constructed and demolished exactly 85 stage designs for all types of plays: 52 drama plays, 16/17 opera, 16 ballet. Besides his work in the Macedonian National Theatre, where he worked on 64 plays, he collaborated with almost all theatres in Macedonia: Shtip, Veles, Bitola, Prilep, Kochani, Turkish Theatre, Albanian Theatre, Dramski Theatre… Judged only from a statistical point of view, his grand opus of stage design was realized with a stunning pace of ***five productions a year***! For a period when everything had to be drawn manually, when the workshops were technically inferior, the materials scarce and difficult to obtain, and the supervision on the implementation permanent, this result seems quite unreal.

*

Today, ***Cico*** is deservedly treated by the Macedonian cultural history as almost a universal artist, as some kind of Renaissance painting and drawing phenomenon. When his complete creative assets are considered and summarized - graphics, drawing, painting, scenic design, costume design... - it will be undoubtedly established that it is a question of a creator, who, with equal passion and easiness, worked in different art techniques and genres, managing to be equally superior in all of them. Besides working very much (actually: astonishingly very much!), he had that rare gift only some chosen people have: to literally turn into gold everything he touched.

Jelena Luzina

**ВАСИЛИЕ ПОПОВИЌ – ЦИЦО**

Да се пишува, дискутира или изложува опусот на автор чие дело дефинира едно столетие подразбра одговорност за секого. Доколку, пак, тоа се однесува за личност како Василие Поповиќ – Цицо, еден од најкреативните личности на минатиот век во Македонија и еден од авторите од највисок формат кои на столетието што измина и оставија траен визуелен печат, одговорноста е уште поголема! Ширината на творечките подрачја во кои делува и пионерската улога која ја има во неколку области го прават вистински и автентичен, исклучителен и релевантен визуелен уметник. Имајќи во предвид дека Василие Поповиќ – Цицо (или едноставно Цицо) е првиот вистински карикатурист во Македонија и еден од основоположниците на театарската сценографија во Македонија, императивот го достигнува својот врв!

Тешко е да се замисли македонската уметничка сцена без Цицо, без неговата креативност, луцидност, шегобијност и сатиричност. Тој е автор со исклучително креативна енергија во секое поле во кое твори, постојат порив за рушење на поставените граници и истрајност во она што го работи, потврдени преку забрзаниот ритам и голема продукција настаната во релативно кус творечки и животен век. Енергија исполнета со моќен уметнички набој, изразено толкување/протолкување и разиграна динамика во секој потег на четката/моливот!

Ангажирајќи се во жанрови (сценографија и костимографија), кои по својата намена се функционално ангажирана уметност и ограничени во простор и време, и во област која *пецка* (карикатурата), Цицо преку својот иновативен пристап, покажува и докажува каде треба да се движи уметноста, дека не постојат граници на можното, дека реалноста веќе не е единствена солуција. Тој е неповторлив творец кој ги истражува универзалните и вонвременски состојби на личноста насликани/нацртани со мајсторството на традиционалната презентација, од една страна, и луцидни и добро осмислени до крај, од друга страна. Неспорно е да се констатира дека Цицо и на парчето хартија/картон, но и на сцената, е сценограф во буквална смисла на зборот. Имено, систематски гради конструкција во која е вграден современ визуелен јазик и е постигната виртуозност на цртежот, колористичките решенија и просторот. Ако си предмет на Цицовата карикатура во областа на уметноста и театарот значи да си приопштиш атрибут на личност со широки и демократски разбирања и да оставиш трага во времето. Без разлика дали е тоа Петре Прличко со кокошките и/или маските, Мери Бошкова во нејзиниот велосипед, Васка Биџова и птичката или, пак, „петелот“ Димитар Кондовски, моќта на перцепција и буквалното доловување на суштината на личноста во карикатурата е дел од мозаикот со кој Цицо си го обезбеди своето место на пиедесталот, стана препознатлив и заштитен *знак* на низа генерации и го означи столетието.

Во карикатурата, сценографијата и костимографијата, прави ваквиот начин на доловување да создаде визуелна реалност од елементи на карактерни особености, необични сурови спротивставености и драматика, внимателно одбрани и смислени сензации, кои резултираат со прецизни визуелни читливи форми со зајадлив хумор. На извесен степен, тоа го поврзува со неговите современици Волт Дизни и/или Салвадор Дали. Врската помеѓу фантазијата и реалноста претставена преку минијатурна техника, кривулести линии и современ израз кој кореспондира со актуелните истражувања во светот го прави актерот на сцената или личноста на хартијата/картонот дел од магијата, оригиналноста и живоста. Погледнете ги само скиците за костимот на Тодор Николовски во улогата на Михаил Борисович Лињаев или оној на Мирко Стефановски во улогата на Влас, лакеј во трпезаријата, во претставата *Волци и овци,* или, пак, перфектно изработената скица за костимот на Зина Крења во улогата на Виолета Велери во I чин во *Травијата*! Сценографиите за претставите како *Копелија* (1954), *Вештерките од Салем* (1955), *Ромео и Јулија* (1962) или *Крвави свадби* (1962) се такви примери за вистинска сценска илузија на град/пејзаж/волшебен ентериер кои овозможуваат влез во поинаков сон, магија, безвременост, вечност...

Стилот кој го разработува Василие Поповиќ-Цицо и естетиката и третманот на кој ја решава сцената е најдоброто дело од визуелната слика во македонската театарска продукција. Неговото ненадејно заминување во 1962 година остави многу анализи и дискусии за неговата работа, но и многу прашања за способностите и можните креативни решенија кои би ги остварил, имајќи

го во предвид напредокот и сè поголемите технички можности и услови за решавање на сцената. Но, едновремено неговата комплексност и аспирации оставија и поттик за сите следни генерации и трага, која и ова столетие кое измина, но и следните, ќе биде потрага по нови авантури и магии!

Ивана Јарчевска




Карикатури / Caricatures 19

**VASILIJE POPOVIC - CICO**

To write, discuss or exhibit the work of an author whose work has defined a whole century implies great responsibility for everyone. However, if it concerns a person like Vasilie Popovic – Cico, one of the most creative personalities of the last century in Macedonia and one of the authors of the highest form that left a lasting visual stamp to the century that passed, the responsibility is even greater! The width of the creative areas in which he worked and the pioneering role he had in several areas make him true and authentic, exceptional and relevant visual artist. Taking into consideration that VasiliJe Popovic – Cico (or simply just Cico) is the first true caricaturist in Macedonia and one of the founders of theatrical set design in Macedonia, the imperative reaches its peak!

It's hard to imagine the Macedonian art scene without Cico, without his creativity, lucidity, wittiness, and satire. He is an author with exceptionally creative energy in every field in which he worked; constant urge to overthrow the established boundaries and perseverance in his work, confirmed by the accelerated pace and the great production in a relatively short creative lifetime. Energy filled with powerful artistic charge, expressed interpretation and playful dynamic in every stroke of the brush / pencil!

Committing himself to genres (set design and costumes), which by their purpose are functionally engaged art and limited in space and time, in an area that *joshes* (caricature), Cico through his innovative approach shows and proves the direction the art should take, that there are no limits to the possible, that reality is no longer the only solution. He is a unique creator who explores the universal and timeless states of a person painted / drawn with mastery of traditional presentation, on the one hand, and lucid and well-thought, on the other hand. It is indisputable that Cico is stage designer in the literal sense of the word on the piece of paper / cardboard, but also on the stage. Namely, he systematically builds a construction in which modern visual language is incorporated and virtuosity of the drawing, the color, and the space solutions, has been achieved. If someone was a subject of Cico's caricature in the field of art and theatre it meant obtaining an attribute of a person with broad and democratic understandings and leaving a mark in time. Regardless of whether it was Petre Prlichko with the chickens and / or the masks, Meri Boshkova on her bicycle, Vaska Bidzova and the bird or the "rooster" Dimitar Kondovski, the power of perception and literal capturing the essence of the person in a caricature is part of the mosaic with which Cico secured his place on the pedestal, became recognizable and a *trademark* of several generations marking the century.

In caricature, set design and costume design, with his way of capturing he succeeds in creating a visual reality from elements of personality characteristics, unusual raw contradictions and dramatics, carefully chosen and deliberate sensations, which result with precise visual readable forms with facetious humor. To some degree, he connects this with his contemporaries Walt Disney and/or Salvador Dali. The connection between fantasy and reality represented through miniature technique, winding lines and contemporary expression that corresponds to the current research in the world makes the actor on the stage or the personality on the paper / cardboard part of the magic, originality and liveliness. Just look at the sketches for the costume of Todor Nikolovski in the role of Mikhail Borisovich Linyaev or the costume of Mirko Stefanovski in the role of Vlas, valet in the dining room, in the play *Wolves and Sheep*, or the perfectly made sketch for the costume of Zina Krelja in the role of Violetta Valéry in Act I in *La Traviata*! The set designs for the plays like *Kopelija* (1954), *Witches of Salem* (1955), *Romeo and Juliet* (1962) or *Bloody Wedding* (1962) are examples of such real stage illusion of town / landscape / magical interior that provide entrance to a different dream, magic, timelessness, eternity…

The style elaborated by Vasilije Popovic-Cico and the aesthetics and the treatment with which he deals with the scene is the best work of visual imagery in the Macedonian theatre production. His sudden departure in 1962 left a lot of analysis and discussions about his work, and many questions about the capabilities and the possible creative solutions that would have been achieved by him, considering the progress and the ever increasing technical opportunities for solutions on the stage. At the same time, the complexity and the aspirations

left an incentive for all the following generations; and a trace that would be a search for new adventures and magic in this century, but also in the future!

Ivana Jarchevska



Карикатури / Caricatures 31



45



59



57



54



47



5



2



4




15



8



6



13



12



11



1



10



61



23



24



60



Карикатури / Caricatures 8




Карикатури / Caricatures 62


ТРИ
АНИ




10



3



15




27




37




62



53




63



67



56



20



18


Венко Марковски
ГОЦЕ
ДРАМА

10


1917
1957
КУЛТУРЕН ЖИВОТ

14


БУКВАР
1 9 4 5

13


the cultural
monuments
of the people's
republic
of macedonia

15



Лични фотографии / Personal photographies 2

**БИОГРАФИЈА:**

**1914** - Роден е на 12 февруари во Скадар, Република Црна Гора.
**1924** - Завршил основно училиште во Скопје, а гимназија учел во Скопје, Тетово и во Призрен.
**1933** - Почнал да се занимава со карикатура и да се интересира за театар и сценографија.
**1934** - Запишал Уметничка школа во Белград. Професори му биле Бета Вукановиќ, Љуба Ивановиќ, Петар Добровиќ, Иван Радовиќ, Никола Бешевиќ, Коста Маринковиќ, Драгослав Стојановиќ, Петар Палавичини.
**1938** - Дипломирал на уметничката школа во Белград.
**1939** - Почнал да работи како сценограф (заедно со Никола Мартиноски и Томо Владимирски) во тогашниот Народниот театар „Крал Александар I" во Скопје (до 1941).
**1941** - Од април до ноември бил воен заробеник во германските логори во Либек, Хоенфелсу и Нирнберг. Од декември во Скопје бил невработен.
**1944** - Од април до септември бил во интернација во воениот логор во Горна Џумаја. По пуштањето, отишол во партизани и работел во Главниот штаб на НОВ за Македонија (село Горно Врановци). Кон крајот на годината станал сценограф во Македонскиот народен театар и таа должност ја извршувал сè до својата смрт.
**1945** - Работел како професор по декоративно цртање во новооснованото Уметничко школо (сега Државно училиште за применета уметност „Лазар Личеноски") во Скопје
**1945–1950** - Се занимавал со пропагандна ликовна дејност (описменување, жетва, избори), со изработка на значки, амблеми и сл. Интензивно работел карикатури, цртежи и акварели, илустрации и опрема на книги и илустрацијата на првиот македонски буквар. Творец е на македонскиот државен грб и на првиот грб на Град Скопје.
**1947-1955** - Студиски патувања во Чехословачка, Италија, Грција, Полска и Франција.
**1957** - Самостојна изложба на карикатури и акварели.
**1960-1962** - Постојан карикатурист во весникот „Нова Македонија".
**1962** - Умрел на 10 декември во Скопје.

**Награди:**

**1947** - Скопје, Награда за уметничка работа од Владата на НРМ и Републичка награда за сценографија
**1948** - Скопје, Републичка награда за сценографија
**1950** - Скопје, Награда за сценографија од Владата на НРМ
**1959** - Пула, Златна арена за сценографија на филмот „Мис Стон"
**1960** - Скопје, Октомвриска награда за политичка карикатура
**1962** - Скопје, Октомвриска награда за сценографија на „Крвави свадби" од Лорка.
Одликуван е со медал „Заслуги за народ" и Орден за „Труд од III ред", за развој на македонската култура.

**Самостојни изложби:**

**1957** - Скопје, Изложба на карикатури и акварели, Уметничка галерија
**1963** - Скопје, Комеморативна изложба на карикатури, акварели и скици за сценографија, Уметничка галерија
**1971** - Скопје, Вардар филм и Македонски народен театар во карикатурите на Василие Поповиќ - Цицо во рамките на III светска галерија на карикатури; Музеј на современата уметност; Титов Велес, Македонските писатели во карикатурите на Василије Поповиќ - Цицо, во рамките на VIII Рацинови средби, Собрание на општина.
**1972** - Скопје, Македонски народен театар во карикатурите и сценографите на Василие Поповиќ - Цицо, Македонски народен театар.
**1973** - Скопје, Василије Поповиќ - Цицо (1914-1962), ретроспективна изложба карикатури, цртежи, акварели, сценографски скици, Музеј на современата уметност Скопје, Уметничка галерија Скопје.
**1981** - Скопје, Македонска академија на науките и уметностите: Василие Поповиќ - Цицо (1914-1962), „Цицо - хроничар на своето време".
**2012 –** Белград, Галерија „Графички колектив", „Еден белградски ученик" (40 години од смртта на Василие Поповиќ - Цицо)
**2012 –** Белград**,** Галерија Дома Војске Србије, изложба „Карикатурист во војната 1941 – 1945".
**2014 –** Прилеп, Ликовна галерија - Центар за култура „Марко Цепенков", Василие Поповиќ - Цицо (1914-1962), МТФ „Војдан Чернодрински",
**2014 –** Скопје, Национална галерија на Македонија, Јубилејна изложба, Василие Поповиќ - Цицо, 100 години од раѓањето



Грб на НР Македонија / The Coat of Arms of the PR of Macedonia 1

**BIOGRAPHY:**

**1914** – Born on 12th February in Skadar, Montenegro.
**1924** – Finished elementary school in Skopje, and attended high-school in Skopje, Tetovo and Prizren.
**1933** – Started working with caricature and become interested in theatre and scenic design.
**1934** – Enrolled in Art School in Belgrade. His professors were Beta Vukanovic, Ljuba Ivanovic, Petar Dobrovic, Ivan Radovic, Nikola Besevic, Kosta Marinkovic, Dragoslav Stojanovic, Petar Palavicini.
**1938** - Graduated at Art School in Belgrade.
**1939** – Started working in scenic design (together with Nikola Martinoski and Tomo Vladimirski) in the then National Theatre King Alexander I in Skopje (until 1941).
**1941** – From April until November he was incarcerated in German concentration camps in Lübeck, Hohenfels, and Nuremberg. From December in Skopje he was unemployed.
**1944** – From April until September he was interned in the camp in Gorna Dzhumaya. After the liberation he went with the partisans and worked in the Headquarters of the People's Liberation Army in Macedonia (village of Gorno Vranovtsi). By the end of the year he became scenographer in the Macedonian National Theatre and he performed this duty until his death.
**1945** – Worked as a professor in decorative drawing at the new Art School (today State School for Applied Arts Lazar Lichenoski) in Skopje.
